З А П И С Н И К
од Сто педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10 март 2026 година

Скопје, март 2026 година

З А П И С Н И К
од Сто педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10 март 2026 година

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Сашо Павловски, заменик на шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Димовски, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Стојанче Ангелов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување и д-р Милорад Јовановски, професор на Градежен факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје.

Од седницата отсуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

# ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Сто четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2025 година

- Усвојување на Записникот од Сто четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2026 година

- Усвојување на Записникот од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 февруари 2026 година

- Усвојување на Записникот од Сто педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 февруари 2026 година

1. Информација за состојбата на специјализираните возила за гасење на шумски пожари на Дирекцијата за заштита и спасување

2. Бизнис-план за 2026 година, инвестициони програми за 2026, 2027, 2028, 2029 и 2030 година, Финансиска програма за 2026 година и Петгодишен план за периодот 2026-2030 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, со Предлог-одлука

3. Информација за Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2026 година, со дополнување

4. Инвестициона програма, Програма за работа и развој и Финансиски план на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2026 година, со дополнување и Предлог - одлука

5. Информација за предлог-мерки за четиригодишна програма на Владата на Република Северна Македонија за поттикнување на иновациите, научно-технолошки развој и претприемништво, со Предлог-програма

6. Информација за сервисирање на долговите на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје

7. Информација за реализација на Фаза I - водоснабдување од проектот ХС „Злетовица” за општините Штип, Свети Николе, Карбинци, Пробиштип и Лозово

8. Програма за давање на ATM/ANS услуги за 2026 година, Годишен финансиски план за 2026 година и Инвестициона програма за 2026 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, со дополнување и предлог-одлуки

9. Информација за состојбата со одземени животни од видот говеда во село Жидилово, Општина Крива Паланка

10. Предлог-програма за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2026 година

11. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Петровец)

12. Годишна сметка на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година, со Извештај од независниот ревизор, дополнување и Предлог - одлука

13. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.1.2024 до 31.12.2024 година, со Предлог-одлука

14. Информација во врска со потребата од поднесување на апликација за грант за техничка помош за ажурирање на главен проект за автопат и изготвување на алтернативен идеен и основен проект за експресен пат Страцин – Стрезовце – Романовце, дел од Коридор 8, за поврзување со Коридор 10 во рамки на отворениот повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) ТА34 за грантови за техничка помош

15. Известување за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 19 февруари 2026 година до 25 февруари 2026 година

16. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 19 февруари 2026 година до 25 февруари 2026 година

17. Информација за одобрување на измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патниот Коридор 8, делница на Автопат: Гостивар - Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (km 0+000 – km 30+750), измена и дополна бр.3 со стационажа km 0+000 – km 32+372, со Предлог – одлука

18. Информација за одобрување на измена и дополна на Урбанистичкиот проектот за градби од стратешки интерес за изградба на патниот Коридор 8, делница на Автопат: Тетово – Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар (км 35+641 – км 53+127), Измена и дополна бр.3 со стационажа км 44+300 – км 46+000, со Предлог -одлука

19. Информација во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2026 година

20. Информација за отпочнување со реализација на проекти со средства обезбедени во буџетот на Министерство за транспорт, Програма 2-Сообраќај и комуникации, Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 482-Други градежни објекти

21. Информација за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со класа на намена В7.3, згради на полиција на дел од КП бр.4899/1 и дел од КП бр.4899/5, КО Кисела Вода 1, Градска четврт Ј20, Блок 10, Општина Кисела Вода, Град Скопје, со Предлог – одлука

22. Информација за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со класа на намена В7.3, на дел од КП бр.635, КО Центар 2, во Градска четврт Ј07 од ГУП Скопје 2012, КО Центар 2, Општина Центар, Град Скопје, со Предлог-одлука

23. Информација за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, Општина Неготино со Предлог-одлука

24. Информација за поништување на Решение за услови за планирање на просторот за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија во КО Три Чешми вон.гр., КО Штип вон.гр., Општина Штип и Решение за услови за планирање на просторот за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија во КО Три Чешми вон.гр., КО Штип вон.гр., КО Ново Село, КО Штип 1, КО Штип 5, Општина Штип

25. Информација за потребата од изменување и дополнување на државните ловишта, со Предлог-одлука и Предлог-решение

26. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - бентонитска глина на локалитетот ,,Ранковце", Општина Ранковце, со Предлог – решение

27. Информација во врска со Барањето за давање согласност за усогласување на концесискиот простор на локалитетот „Цер", Општина Кичево на Друштвото за производство, трговија, сообраќај, угостителство, услуги и друго Сула 06 увоз-извоз ДООЕЛ с. Трапчин Дол, Кичево, со Предлог – одлука

28. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Костин Дол", Општина Македонска Каменица, со Предлог–одлука

29. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас СО2 на локалитетот „Лозишта", с.Логоварди, Општина Битола

30. Информација во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „К.О. Куклиш", Општина Струмица

31. Информација во врска со поднесената Иницијатива за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – шкрилец, на локалитетот „с.Истибања", Општина Виница

32. Информација во врска со Барањето за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина - мермеризиран варовник на локалитетот „Црковни Рид", с. Орашац, Општина Куманово на Друштвото за производство, трговија и услуги Петрос ДОО Куманово

33. Информација за статус на нереализирани исплати по пристигнати фактури, произлезени од веќе склучени договори за ангажирање и издадени полномошна за застапување на адвокатската куќа Orrick, Herrington & Sutcliffe за арбитражниот предмет Гокул Дас Бинани и Маду Бинани (1 и 2) како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна

34. Предлог-програма за изменување и дополнување  на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2026 година

35. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година

36. Предлог-програма за инвестирање во животната средина за 2026 година

37. Предлог-програма за управување со водите за 2026 година

38. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суроровина - гипс и гипсени префабрикати „Кнауф - Радика“ АД Дебар на локалитетот „Долно Косоврасти", Општина Дебар

39. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот „Ѓупски Рид“, Општина Ресен на Акционерското друштво Оранжерии, с.Хамзали, Босилово

40. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Лојане“, Општина Липково

41. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Трговското друштво за производство, трговија и услуги Обел градба ДООЕЛ увоз-извоз с.Град, Делчево на локалитетот ,,Брусија”, Општина Делчево

42. Предлог – одлука за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот ,,Виничка Вада“, Општина Кочани од Друштвото за производство, трговија и услуги Оранжерии-Добра ДООЕЛ увоз-извоз Кочани на Друштвото за производство, трговија и услуги ДЕМИ инженеринг ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

43. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удели во Друштвото за производство Корп минералс ДООЕЛ с.Горно Коњаре, Куманово

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за надворешни работи и надворешна трговија (компјутерска опрема)

45. Предлог – лиценца за приредување на игри на среќа во автомат-клуб на Друштвото за трговија, обложување и приредување на игри на среќа „Гаминг професионал“ ДООЕЛ Тетово за деловната просторија во Подружница бр.7 Касино стар, Тетово на ул.„Борис Кидрич“ бр.4, Тетово

46. Информација за потребата од донесување на план за справување со масовни жртви, со План за справување со масовни жртви

47. Информација за одземање на одобрение за одгледување на коноп (cannabis sativa и cannabis indica) за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги „МАМ" ДООЕЛ Свети Николе, со Предлог-одлука

48. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, промет и услуги Гресто ДООЕЛ с.Амзабегово, Свети Николе, со Предлог-одлука

49. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги АТА-ФАРМ ГРУП увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

50. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Каннабиноидс ДОО увоз-извоз Кочани, со Предлог-одлука

51. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Греен лифе ДОО, с. Јосифово, Валандово, со Предлог-одлука

52. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Лифе плант ДОО увоз-извоз, Струмица, со Предлог-одлука

53. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ЦБД Медплант ДОО с.Борисово, Ново Село, со Предлог-одлука

54. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, промет, трговија и услуги Алпхапхарм ГРОУП ДОО Скопје, со Предлог-одлука

55. Информација за повеќегодишна јавна набавка за изведба на потпорен ѕид на Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“ кон ул.„Белградска“

56. Предлог-програма за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2026 година

57. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2026 година

58. Информација за усвојување на Стратегија за образование 2026-2032, со Акциски план 2026-2028

59. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2026 година на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски” - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје

60. Предлог-одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2026 година

61. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2026 година на Факултетот за исламски науки – Скопје.

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид (резервни делови за ангиограф)

63. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на социјалната политика, демографија и млади за 2025 година

64. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2026 година

65. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2026 година

66. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија и Предлог-решение за именување на раководител, заменик-раководител, членови и заменици-членови на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија

67. Решение за исправка на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година

68. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.15/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 148 став 3 во делот „и корисник на семејна пензија" од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25 и 269/25)

69. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.4/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 117-а и член 117-б од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25 и 269/25)

70. Иницијатива поднесена од Дарко Тодоровски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.196/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 222 став 1 во делот „...во јавната здравствена установа каде што се вработени или во друга јавна" и ставовите 9, 10, 12 и 13 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 30/24, 74/24 и 170/24)

71. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.183/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 65 став (16) од Законот за дивечот и ловството („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.263/23, 170/24 и 132/25)

72. Понуда од нотар Петар Митков од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1457, за КО Ракотинци, на КП бр.2005/2, викано место/улица „Ливада"

73. Понуда од нотар Марија Лазова Ѓорчева од Кавадарци, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4070, за КО Ваташа, на КП бр.4246, викано место/улица „Р.Džондев"

74. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3816, за КО Глуво Бразда, на КП бр.1709, викано место/улица „Чар"

75. Извештај за реализирани активности на Работната група за координација на активностите од областа на сајбер безбедноста во рамки на Националниот совет за дигитална трансформација и сајбер безбедност, за период од 1 јануари 2025 година до 30 јуни 2025 година

76. Информација за изготвен План за реализација на мерката за воведување на Регистар за возила, со План за реализација

77. Акциски план за имплементација на дадени препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

78. Акциски план за постапување по препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Искористеност на современа медицинска опрема"

79. Информација за работењето на компензационите фондови од странска помош, со прилог извештаи за 2024 година, усвоени од Комисијата за менаџмент со компензационите фондови, на седницата, одржана на 30 декември 2025 година

80. Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје, за периодот октомври-декември 2025 година

81. Ревидирана годишна инвестициска програма за 2026 година, Ревидиран план за производство за 2026 година и Финансиски план за 2026 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје, со прилози

82. Извештај од Општина Градско за реализација на одобрените средства за исплата на штета од атмосферски непогоди (град) по Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр.50-11337/3 од 17 декември 2025 година

83. Извештај од Општина Градско за реализација на одобрените средства по Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.50-11338/3 од 17 ноември 2025 година, со Прилог

84. Кадровски прашања

85. Прашања и предлози

86. Информација за статус на реализација на инвестициски проект на Друштвото за производство на технички текстил Техникал Текстајлс ДООЕЛ Штип-корисник на Технолошко индустриската развојна зона Штип, согласно склучен Договор за доделување на државна помош за производство бр.09-12037/1 од 17.11.2023 година и Договор за доделување на државна помош за истражување и развој бр.09-12038/1 од 17.11.2023 година и преземање на потребни активности поради непочитување на преземени договорни обврски

87. Информација за спроведување на постапката за исплатата на финансиска поддршка кон деловните субјекти во 2025 година, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите

88. Информација за минимизирање на опасностите од одронување на карпи и камења во кањонот Матка

89. Информација (со известување-укажување) во врска со постапка за експропријација која се водела пред Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи, УП. бр.25-289/2020, по предлог на Општина Охрид (ДП бр.03-266/1)

90. Информација за номинирање на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво (ИНОВА) како кандидат за субјект со директен пристап до Зелениот климатски фонд

91. Информација за подготовка на Дваесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 12 и 13 март 2026 година во Скопје, со прилози

92. Информација за утврдување на минималната плата во Република Северна Македонија за 2026 година

*
*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2025 година, Записникот од Сто четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2026 година, Записникот од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 февруари 2026 година и Записникот од Сто педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 февруари 2026 година.

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за состојбата на специјализираните возила за гасење на шумски пожари на Дирекцијата за заштита и спасување, поради потребата од дополнително усогласување на предметниот материјал со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 2**

Владата повторно ги разгледа Бизнис-планот за 2026 година, инвестиционите програми за 2026, 2027, 2028, 2029 и 2030 година, Финансиската програма за 2026 година и Петгодишниот план за периодот 2026-2030 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД –

Скопје, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Бизнис-планот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за 2026 година.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје за 2026 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата ги разгледа Инвестиционата програма, Програмата за работа и развој и Финансискиот план на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2026 година со дополнување и Предлог – одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2026 година.

2. Ги разгледа Програмата за работа и развој и Финансискиот план на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2026 година, како материјали за информирање.

Истовремено, во однос на вишокот на средства остварени од работењето, Владата заклучи предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии, во кое се укажува Јавното претпријатие да ги преземе потребните активности, согласно член 30 од Законот за јавните претпријатија.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог-мерки за четиригодишна програма на Владата на Република Северна Македонија за поттикнување на иновациите, научно-технолошки развој и претприемништво, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за поттикнување на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото за периодот 2026-2029.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за сервисирање на долговите на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, ја усвои Информацијата и заклучи да се формира работна група со претставници од Министерството за здравство, Министерството за финансии, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје која ќе ги разгледа сите можности за надминување на проблемите со кои се соочува ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје и врз основа на добиените сознанија во рок од две недели да достави до Владата соодветно решение.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Фаза I - водоснабдување од проектот ХС „Злетовица" за општините Штип, Свети Николе, Карбинци, Пробиштип и Лозово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да ги предвиди финансиските средства во износ од 417.000.000 денари со вклучен ДДВ за реализација на Фаза 1 – водоснабдување од проектот ХС „Злетовица” за општините Штип, Свети Николе, Карбинци, Пробиштип и Лозово во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години или при изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години или при изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за извршување водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип, Основниот проект со ревизија за филтер станица во Лозово, изработен 2024 година, без надоместок да го предаде на Општина Лозово, во рок од 30 дена.

**Точка 8**

Владата ги разгледа Програмата за давање на ATM/ANS услуги за 2026 година, Годишниот финансиски план за 2026 година и Инвестиционата програма за 2026 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, со дополнување и Предлог-одлуки и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски план за 2026 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Програмата за давање на ATM/ANS услуги за 2026 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје.

3. Ја разгледа Инвестиционата програма за 2026 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со одземени животни од видот говеда во село Жидилово, Општина Крива Паланка година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да обезбеди услови за привремено чување на одземените живи животни до нивното оттуѓување на јавен оглас, да обезбеди соодветен објект - штала или земјиште кое е оградено и заштитено или ќе се огради привремено за собирање на животните на едно место и да обезбеди соодветни услови за чување согласно Законот за благосостојба на животните.

2. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство во соработка со ветеринарните друштва да се вклучи активно во сите процеси во рамките на своите надлежности согласно Законот за заштита и благосостојба на животни, Законот за ветеринарно здравство, Закон за идентификација и регистрација на животни.

3. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да формира комисија за спроведување на јавен оглас за продажба на животните согласно член 125 став (4) од Законот за безбедност на храната (*).

4. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да спроведе јавен оглас за продажба на животните во рок и под услови утврдени со закон, да ја утврди здравствената состојба на животните и да изврши идентификација на сите заловени животни кои не се идентификувани согласно закон, да ја утврди пазарната вредност на животните кои се предмет на продажба согласно Правилникот за формата и содржината на потврдата за привремено одземање на храната, предмети, средства, производи, животни, како и минималната висина на вредноста на одземените храна, предмети, средства, производи, растенија и животни кои се предмет на продажба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 206/25), средствата од продажбата да бидат уплатени на буџетската сметка на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за храна и ветеринарство да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 10**

Владата ја донесе Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2026 година.

**Точка 11**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Петровец), поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријат за законодавство и потоа да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Годишната сметка на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година, со Извештај од независниот ревизор, дополнување и Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година.

Истовремено, Владата укажа на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација со преземените мерки и активности, во врска со укажувањата во ревизорскиот извештај.

**Точка 13**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од поднесување на апликација за грант за техничка помош за ажурирање на главен проект за автопат и изготвување на алтернативен идеен и основен проект за експресен пат Страцин – Стрезовце – Романовце, дел од Коридор 8, за поврзување со Коридор 10 во рамки на отворениот повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) TA34 за грантови за техничка помош и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да ја изработи и да ја достави на мислење до Министерството за финансии и Министерството за транспорт апликацијата за грант за техничка помош за ажурирање на главен проект за автопат и изготвување на алтернативен идеен и основен проект за експресен пат Страцин – Стрезовце – Романовце, дел од Коридор 8, за поврзување со Коридор 10 во рамки на отворениот повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) TA34 за грантови за техничка помош.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта по добивање на позитивни мислења од Министерството за финансии и Министерството за транспорт во рок од три дена да ја достави апликацијата за грант за техничка помош за ажурирање на главен проект за автопат и изготвување на алтернативен идеен и основен проект за експресен пат Страцин – Стрезовце – Романовце, дел од Коридор 8, за поврзување со Коридор 10 во рамки на отворениот повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) TA34 за грантови за техничка помош до националниот ИПА координатор/Министерството за европски прашања.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања веднаш да ја поднесе апликацијата за грант за техничка помош за ажурирање на главен проект за автопат и изготвување на алтернативен идеен и основен проект за експресен пат Страцин – Стрезовце – Романовце, дел од Коридор 8, за поврзување со Коридор 10 во рамки на отворениот повик на Инструментот за инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) TA34 за грантови за техничка помош.

**Точка 15**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 19 февруари 2026 година до 25 февруари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 19 февруари 2026 година до 25 февруари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патниот Коридор 8, делница на Автопат: Гостивар

- Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (km 0+000 – km 30+750), измена и дополна бр.3 со стационажа km 0+000 – km 32+372, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на изменувањето и дополнувањето на Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес за изградба на патниот Коридор 8, делница на Автопат: Гостивар - Букојчани, Општина Гостивар и Општина Кичево (km 0+000 – km 30+750) измена и дополна бр.3 со стационажа km 0+000 – km 32+372.

**<u>Точка 18</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на измена и дополна на Урбанистичкиот проектот за градби од стратешки интерес за изградба на патниот Коридор 8, делница на Автопат: Тетово – Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар (км 35+641 – км 53+127), Измена и дополна бр.3 со стационажа км 44+300 – км 46+000, со Предлог -одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на изменување и дополнување на Урбанистичкиот проектот за градби од стратешки интерес за изградба на патниот Коридор 8, делница на Автопат: Тетово – Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар (км 35+641 – км 53+127), Измена и дополна бр.3 со стационажа км 44+300 – км 46+000.

**<u>Точка 19</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2026 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт, да го информира ТАВ Македонија за одобрувањето на Оперативниот буџет за 2026 година.

**<u>Точка 20</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проекти со средства обезбедени во буџетот на Министерство за транспорт, Програма 2-Сообраќај и комуникации, Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 482-Други градежни објекти и ја усвои со следните заклучоци :

1. Даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2026, 2027 и 2028 година на Министерството за транспорт, за Реконструкција на улици во Општина Валандово, во вкупна вредност од 65.500.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 2026 година – средства во износ од 20.000.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- 2027 година – средства во износ од 22.500.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2028 година – средства во износ од 23.000.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2026 и 2027 година на Министерството за транспорт, за Изградба на нов мост на Крива Река во с. Довезенце, Општина Куманово, во вкупна вредност од 15.000.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 2026 година – средства во износ од 5.800.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2027 година – средства во износ од 9.200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

3. Се задолжува Министерството за транспорт да ги обезбеди потребните средства предвидени за 2026, 2027 и 2028 година во рамки на максималните износи на расходи за соодветната фискална година.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со класа на намена В7.3, згради на полиција на дел од КП бр.4899/1 и дел од КП бр.4899/5, КО Кисела Вода 1, Градска четврт Ј20, Блок 10, Општина Кисела Вода, Град Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со класа на намена В7.3 - згради на полиција на дел од КП бр.4899/1 и дел од КП бр.4899/5, КО Кисела Вода 1, Градска четврт Ј20, Блок 10 од ГУП Скопје 2012, Општина Кисела Вода, Град Скопје.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со класа на намена В7.3, на дел од КП бр.635, КО Центар 2, во Градска четврт Ј07 од ГУП Скопје 2012, КО Центар 2, Општина Центар, Град Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со класа на намена В7.3, на дел од КП бр.635, КО Центар 2, во Градска четврт Ј07 од ГУП Скопје 2012, КО Центар 2, Општина Центар, Град Скопје.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, Општина Неготино со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10mw, КО Дуброво, КО Тимјаник, Општина Неготино.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за поништување на Решение за услови за планирање на просторот за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија во КО Три Чешми вон.гр., КО Штип вон.гр., Општина Штип и Решение за услови за планирање на просторот за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија во КО Три Чешми вон.гр., КО Штип вон.гр., КО Ново Село, КО Штип 1, КО Штип 5, Општина Штип, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да ги поништи Решението за Услови за планирање на просторот за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија во КО Три Чешми – вон.гр., КО Штип – вон.гр., Општина Штип со арх.бр. УП1-15 1276/2022 од 11.7.2022 година и Решението за услови за планирање на просторот за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија во КО Три Чешми вон.гр., КО Штип вон.гр., КО Ново Село, КО Штип 1, КО Штип 5, Општина Штип со арх.бр. УП1-15 1470/2021 од 6.10.2021 година и за истото да ја извести Агенција за планирање на просторот.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување и дополнување на државните ловишта, со Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на државни ловишта.

2. Го донесе Решението за давање на управување  на државното ловиште „Полаки“.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - бентонитска глина на локалитетот ,,Ранковце“, Општина Ранковце, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина– бентонитска глина на локалитетот ,,Ранковце“, Општина Ранковце.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за давање согласност за усогласување на концесискиот простор на локалитетот „Цер“, Општина Кичево на Друштвото за производство, трговија, сообраќај, угостителство, услуги и друго Сула 06 увоз-извоз ДООЕЛ с. Трапчин Дол, Кичево, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за усогласување на концесискиот простор на локалитетот „Цер“, Општина Кичево.

**Точка 28**

Владата, на барање на предлагачот, го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Костин Дол“, Општина Македонска Каменица, со Предлог–одлука.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас СО2 на локалитетот „Лозишта“, с.Логоварди, Општина Битола, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерство за култура и туризам – Управа за заштита на културно наследство во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас СО2 на локалитетот „Лозишта“, с.Логоварди, Општина Битола.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „К.О. Куклиш“, Општина Струмица, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт - Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење, во однос на

Иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „К.О. Куклиш“, Општина Струмица.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – шкрилец, на локалитетот „с.Истибања”, Општина Виница и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - шкрилец на локалитетот „с.Истибања”, Општина Виница.

2. Се задолжува Министерството за транспорт - Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во рок од три дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави соодветно мислење во однос на Иницијативата за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - шкрилец на локалитетот „с.Истибања”, Општина Виница.

**Точка 32**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Барањето за доделување на концесија за експлоатација на друг вид минерална суровина - мермеризиран варовник на локалитетот „Црковни Рид“, с. Орашац, Општина Куманово на Друштвото за производство, трговија и услуги Петрос ДОО Куманово, имајќи го предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии, за неплатени јавни давачки на наведениот правен субјект, согласно евиденцијата на Управата за јавни приходи.

По добивање на потврда за платени давачки, материјалот да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на нереализирани исплати по пристигнати фактури, произлезени од веќе склучени договори за ангажирање и издадени полномошна за застапување на адвокатската куќа Orrick, Herrington & Sutcliffe за арбитражниот предмет Гокул Дас Бинани и Маду Бинани (1 и 2) како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги потврди и одобри пристигнатите и доспеани фактури доставени од страна на меѓународната адвокатска куќа Orrick, Herrington & Sutcliffe, а кои произлегуваат од работата на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори.

2.Се задолжува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев, да ги потпише налозите за плаќање на 5 (пет) пристигнати и доспеани фактури од страна на меѓународната адвокатска куќа Orrick, Herrington & Sutcliffe и тоа за:

- Фактура бр. 180027485 за Бинани 1 за период од 30 јуни 2021 година до 1 јануари 2022 на износ од 46.525.20 евра,

- Фактура бр. 180028886 за Бинани 2 за период од 1 мај 2022 година до 31 декември 2022 година на износ од 2.652.96 евра,

- Фактура бр. 180033154 за Бинани 2 за период од 1 јуни 2023 година до 31 август 2023 година на износ од 19.084.18 евра,

- Фактура бр. 180035803 за Бинани 1 за период од 1 септември 2023 година до 17 јуни 2025 година на износ од 50.518.87 евра и

- Фактура бр. 180035806 за Бинани 2 за период од 1 септември 2023 година до 17 јуни 2025 година на износ од 2.651.98 евра.

**Точка 34**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување  на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2026 година.

**Точка 35**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година.

**Точка 36**

Владата ја донесе Програмата за инвестирање во животната средина за 2026 година.

**Точка 37**

Владата ја донесе Програмата за управување со водите за 2026 година.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за здравство.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална сурововина - гипс и гипсени префабрикати ,,Кнауф - Радика“ АД Дебар на локалитетот „Долно Косоврасти", Општина Дебар.

**Точка 39**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот „Ѓупски Рид“, Општина Ресен на Акционерското друштво Оранжерии с.Хамзали, Босилово, имајќи го предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии, за неплатени јавни давачки на наведениот правен субјект, согласно евиденцијата на Управата за јавни приходи.

По добивање на потврда за платени давачки, материјалот да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Лојане“, Општина Липково.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Трговското друштво за производство, трговија и услуги Обел градба ДООЕЛ увоз-извоз с.Град, Делчево на локалитетот ,,Брусија”, Општина Делчево.

**Точка 42**

Владата ја одложи од разгледување Предлог – одлуката за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот ,,Виничка Вада“, Општина Кочани од Друштвото за производство, трговија и услуги Оранжерии-Добра ДООЕЛ увоз-извоз Кочани на Друштвото за производство, трговија и услуги ДЕМИ инженеринг ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, имајќи го предвид укажувањето на Министерството за финансии, за неплатени јавни давачки на наведениот правен субјект, согласно евиденцијата на Управата за јавни приходи.

По добивање на потврда за платени давачки, материјалот повторно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 43**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за пренос на удели во Друштвото за производство Корп минералс ДООЕЛ с.Горно Коњаре, Куманово.

Предлагачот да извести кога материјалот да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за надворешни работи и надворешна трговија (компјутерска опрема).

**Точка 45**

Владата ја разгледа Предлог – лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат-клуб на Друштвото за трговија, обложување и приредување на игри на среќа „Гаминг професионал“ ДООЕЛ Тетово за деловната просторија во Подружница бр.7 Касино стар, Тетово на ул.„Борис Кидрич“ бр.4, Тетово и ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат-клуб.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на план за справување со масовни жртви, со План за справување со масовни жртви и ја усвои со следните заклучоци:

2. Го прифати Планот за справување со масовни жртви.

3. Се задолжува Министерството за здравство, еднаш годишно до крајот на октомври, да ја информира Владата за спроведувањето на активностите предвидени во Планот за справување со масовни жртви до целосно исполнување на активностите.

**Точка 47**

Владата ја  разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на коноп (cannabis sativa и cannabis indica) за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги „МАМ" ДООЕЛ Свети Николе, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на коноп (cannabis sativa и cannabis indica) за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги „МАМ" ДООЕЛ Свети Николе.

2. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на коноп (cannabis sativa и cannabis indica) за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги „МАМ“ ДООЕЛ Свети Николе.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, промет и услуги Гресто ДООЕЛ с.Амзабегово, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, промет и услуги Гресто ДООЕЛ с.Амзабегово, Свети Николе.

**Точка 49**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги АТА-ФАРМ ГРУП увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе  Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги АТА-ФАРМ ГРУП увоз-извоз ДООЕЛ Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 50**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Каннабиноидс ДОО увоз-извоз Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Каннабиноидс ДОО увоз-извоз Кочани (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 51**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Греен лифе ДОО, с. Јосифово, Валандово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство,

трговија и услуги Греен лифе ДОО, с. Јосифово, Валандово (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 52**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Лифе плант ДОО увоз-извоз, Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Лифе плант ДОО увоз-извоз, Струмица (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 53**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ЦБД Медплант ДОО с.Борисово, Ново Село, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ЦБД Медплант ДОО с.Борисово, Ново Село (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 54**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, промет, трговија и услуги Алпхапхарм ГРОУП ДОО Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, промет, трговија и услуги Алпхапхарм ГРОУП ДОО Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за изведба на потпорен ѕид на Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“ кон ул.„Белградска“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства за 2026 и 2027 буџетска година на Министерството за здравство за набавка во вкупна вредност од 26.170.000,00 денари, со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

Средства од буџет на Република Северна Македонија, сметка 637, програма 1А:
- 7.500.000,00 денари со вклучен ДДВ, за 2026 година и
- 18.670.000,00 денари со вклучен ДДВ, за 2027 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните средства за реализација на наведената набавка во буџетот на Министерството за здравство за 2026 и 2027 година, а Министерството за здравство истите да ги прикаже во соодветните буџетски циркулари.

3. Се задолжува Министерството за здравство да подготви потребна тендерска документација и да објави оглас за јавна набавка за реализација на наведената повеќегодишна набавка.

4. Се препорачува на Општина Центар и Град Скопје, а се задолжува Центарот за управување со кризи да отпочнат постапки за проектирање (сообраќаен проект, инфраструктурни проекти) и да обезбедат средства за реализација на истите.

Истовремено, согласно укажувањето на м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, изнесени во расправата на седницата, Владата заклучи Министерството за здравство да направи обиди за заштеди, да ги утврди приоритетите во сопствениот буџет за среднорочниот период и во рамки на својот лимит да ги реорганизира и обезбедува потребните средства.

**Точка 56**

Владата ја донесе Програмата за рана детекција и скрининг на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 57**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2026 година.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Стратегија за образование 2026-2032, со Акциски план 2026-2028 и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за усвојување на Стратегија за образование 2026-2032, со Акциски план 2026-2028.

2. Ја усвои Стратегијата за образование 2026-2032, со Акциски план 2026-2028.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2026 година на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски” - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2026 година.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2026 година на Факултетот за исламски науки – Скопје.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид (резервни делови за ангиограф).

**Точка 63**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на социјалната политика, демографија и млади за 2025 година.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2026 година.

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 66**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија и Предлог-решението за именување на раководител, заменик-раководител, членови и заменици-членови на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи, Предлог-решението за именување на раководител, заменик-раководител, членови и заменици-членови на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија, да се разгледа на наредната седница на Владата, по влегувањето во сила на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија.

**Точка 67**

Владата го разгледа Решението за исправка на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 9 точка 2) од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21 и 3/25), главниот државен ревизор ја донесува Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија и истата согласно член 23 став

(2) од Законот ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до декември тековната година за наредната година, заради информирање.

Притоа, согласно точката 7.4. од Годишната програма за работа за 2025 година на Државниот завод за ревизија е уредено дека Годишната програма за работа може да биде предмет на изменување и дополнување во зависност од периодот на завршување на изборниот процес за избор на градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје и избор на советници во советите на општините и советници во Советот на Град Скопје, од пристигнати барања за ревизии, постигнати резултати, како и од можностите и капацитетите со кои располага Државниот завод за ревизија.

Државниот завод за ревизија, со допис бр.03-764/4 од 26.12.2025 година, Решението за исправка на Годишната програма за работа за 2025 година го доставил до Собранието на Република Северна Македонија.

Согласно доставеното Решение за исправка на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, исправка се врши во содржината на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година и во Прегледот на планираните ревизии.

Имено, со исправката ревизиите на учесниците на изборна кампања за избор на градоначалник на општина и градоначалник на Град Скопје и за избор на членови на советите на општините и членови на Советот на Град Скопје, кои биле планирани во Годишната програма за работа за 2025 година, се пренесуваат во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2026 година, поради тоа што крајниот рок за доставување на вкупниот финансиски извештај со спецификација на приходите и расходите во изборната кампања од Локалните избори спроведени во 2025 година е јануари 2026 година.

Исто така и Ревизијата на системот за имплементација на Инструментот за реформа и раст на Западен Балкан (Реформска агенда на Република Северна Македонија за периодот 2024-2027 година), утврдена во Годишната програма за работа за 2025 година, се пренесува во Годишната програма за работа за 2026 година, од причина што во 2025 година Европската комисија ангажирала надворешен ревизор кој ќе изврши ревизија на системот на имплементација на Инструментот. Со предметната исправка и Ревизијата на усогласеност (Јавна набавка на специјални возила за чистење на снег во ЈП „Комуналец"-Крива Паланка), иницирана врз основа на повеќе барања доставени од надлежни органи, се пренесува во Годишната програма за работа за 2026 година и истата е утврдена како ревизија на регуларност на ЈП „Комуналец"-Крива Паланка.

Во врска со ревизиите во реално време по примени барања од останати органи во Република Северна Македонија за борба против корупција и останати ревизии по оценка на главниот државен ревизор, со предметната исправка оваа ставка се изоставува од Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, од причина што во Годишната програма за работа за 2025 година по овој основ на барање на Министерството за финансии утврдена е конкретна ревизија. Исто така и ревизијата на регуларност на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри „Лотарија на Македонија"-Скопје, со исправката се изоставува од Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, од причина што согласно доставеното образложение од Државниот завод за ревизија, констатирано е дека државата нема доминантна сопственост, поради што потребата од ревизија по овој основ престанува и Државниот завод за ревизија нема надлежност за истата.

Оттука, имајќи го предвид горенаведеното, по однос на Решението за исправка на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.15/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 148 став 3 во делот „и корисник на семејна пензија“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25 и 269/25) и притоа го утврди следното мислење:

Во Иницијативата е наведено дека  согласно член 148 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по исклучок од ставот (1) на овој член, на корисник на старосна пензија и корисник на семејна пензија кои се работно ангажирани за вршење работи од повремена или сезонска природа согласно со закон, не им се запира исплатата на пензијата. „Работниот ангажман" од членот 148 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е претставен како „работен однос" согласно правилата на работното законодавство, попрецизно Законот за работните односи како генерален закон каде се пропишува што претставува „работниот однос" и што всушност претставува „столбот на работниот однос", односно дека ,,работниот однос" се заснова со склучување на договор за вработување меѓу работникот и работодавачот и при постоење на такви околности, пријавување на работникот во задолжителното пензиско и социјално осигурување, а со тоа и пресметка и плаќање на придонесите по така воспоставениот договорен однос.

Од цитираната одредба од членот 148 став 3 од Законот, а ниту, пак, од Законот во целина, не се пропишуваат исклучоци кои би се однесувале на лицата кои правото на семејна пензија го стекнале по основите од членот 59 став 1 точка 2 и член 61 став 1 точка 2 од Законот. Еднаквоста според членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија е апсолутна и секој е еднаков пред Уставот и законите. Меѓутоа, со оспорениот дел се прави еден вид на неправа еднаквост меѓу: 1) лицата корисници на семејна пензија кои правото на семејна пензија го стекнале врз основа на неспособност за самостоен живот и работа и 2) лицата кои го стекнале правото на семејна пензија по некој од другите основи пропишани со Законот, за стекнување на тоа право.

Исто така, подносителот на Иницијативата наведува дека останува и неразјаснето прашањето во однос на евентуалната нова пресметка на пензијата. Имено, ако според членот 148 став 2 од Законот, на корисникот на старосна пензија може да му се определи нов износ на пензија, ако навршил најмалку една година стаж на осигурување по остварувањето право на старосна пензија, доколку е поповолно за корисникот, а во пресметката на пензиската основица, според одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, не влегува годината во која се остварува правото на пензија при што, на лицето кое засновало „работен ангажман" или е „работно ангажирано" му се пресметуваат и уплаќаат придонеси од работниот однос во таков случај може да се смета дека, и при ново определување на висина на износ на старосна пензија, така пресметаните и уплатени придонеси по основ на „работен ангажман" би останале беспредметни бидејќи поволноста при евентуалната идна нова пресметка на пензијата би била поповолна во очигледен несразмер, но не во корист на осигуреникот, односно корисникот на пензијата.

Во Иницијативата е изнесено дека од целината на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, не произлегува дека придонесите кои би биле уплатени по остварувањето на правото на пензија, влегуваат во пресметка на висината на пензијата. Исто така, се изнесува и дека ,,поповолното за корисникот" од членот 148 став 2 од Законот, подразбира дека со евентуалното уплаќање на придонеси и по исполнувањето на правото на старосна пензија, осигуреникот да оствари повисок износ на старосна пензија. Меѓутоа, ако се има предвид начинот на пресметување на пензијата пропишан како во членот 228 од Законот и во отсуство на дорегулација на одредбата од членот 228 од Законот со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 269/25), во тој случај дополнително би можело да се доведе во прашање евентуалната „поволност" на лицето-осигуреник-корисник на пензија во однос на новата пресметка на висината на износот на пензијата по престанокот на „работниот ангажман".

За таа цел, подносителот бара да се поведе постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба и истата да биде укината како спротивна на Уставот на Република Северна Македонија.

Министерството за социјална политика, демографија и млади известува дека според Законот за работно ангажирање на лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/25) член 9 став (1), работно ангажирано лице, може да биде:
- лице кое не е во работен однос,
- вработено лице,
- самовработено лице,
-лица помлади од 18 години кои согласно со општите прописи од работните односи ги исполнуваат условите за засновање на работен однос,
- студент,
- корисник на семејна и старосна пензија, со исклучок на корисници на семејна пензија по основ на неспособност за работа и самостоен живот и
- странец кој има регулиран престој согласно со закон.

Согласно наведената одреба е јасно дека од работното ангажирање се изземени корисници на семејна пензија по основ на неспособност за работа и самостоен живот.
Во однос на наводите на Иницијативата дека одредбата од член 148 став (2) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25 и 269/25) не е во согласност со член 52 алинеја 4, од Уставот на Република Северна Македонија, сметаме дека со оспорената одредба се уредува дека на корисникот на старосна пензија може да му се определи нов износ на пензија, ако навршил најмалку една година стаж на осигурување по остварувањето право на старосна пензија, доколку е поповолно за корисникот. Според тоа, стекнатото право на пензија не може и не смее ретроактивно да се повредува.

Со членот 20 став (1) од Законот се уредува дека старосната пензија се утврдува од месечниот просек на платите што осигуреникот ги остварил за време на вкупното траење на осигурувањето, а најрано од 1 јануари 1970 година (во натамошниот текст: пензиска основа). Според членот 228 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е уредено дека определувањето на висината на старосната пензија се врши во зависност од должината на пензискиот стаж и остварените плати.

Со членот 148 став (1) од Законот се уредува дека на корисник на пензија, додека е во работен однос или додека врши самостојна дејност во Република Северна Македонија или странство, му

се запира исплатата на пензијата, а со ставот (2) се прецизира дека на корисникот на старосна пензија може да му се определи нов износ на пензија, ако навршил најмалку една година стаж на осигурување по остварувањето право на старосна пензија, доколку е поповолно за корисникот. Согласно член 11 од Законот за работно ангажирање на лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/25), работодавачот, може да ангажира лица за вршење работа од сезонска или повремена природа најмногу до 120 дена во текот на календарската година, сметајќи ги календарските денови од првата пријава во евиденција на пријави и одјави на работно ангажирани лица на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија до последната одјава, при што се бројат само деновите кога има работно ангажирани лица, што значи дека овие лица не навршуваат доволен стаж за повторна пресметка на пензијата.

Одредбите од член 148 од Законот, се однесуваат за корисниците на пензија коишто по пензионирање ќе засноваат работен однос или ќе вршат дејност од аспект на запирање на исплатата на пензија, како и воспоставување можност за определување нов износ на пензија на корисник на пензија којшто по пензионирањето ќе заснова работен однос или ќе врши дејност, со што јасно е укажано дека овие одредби не се однесуваат на лица кои ќе бидат ангажирани за вршење работа од сезонска или повремена природа.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорените одредби од член 148 став (3) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25 и 269/25) се во согласност со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 148 став 3 од наведениот закон.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.4/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 117-а и член 117-б од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25 и 269/25) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспорува уставноста на членовите 117-а и 117-б од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со барање за поведување постапка за нивно оценување и укинување. Оспорените одредби се содржани во Глава X од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Солидарен фонд - посмртна помош и членарина“), а се однесуваат на основањето, надлежностите и составот на Советот за социјална сигурност.

Подносителот наведува дека согласно член 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се уредува задолжително пензиско и инвалидско осигурување, опфатот на осигурениците, правата кои произлегуваат, матичната евиденција, основите на капиталното финансирано пензиско осигурување и посебните услови за остварување права. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/14), смета дека природата на Советот за социјална сигурност е нејасна – дали е составен дел од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување,

орган во состав на Министерството за социјална политика, демографија и млади (иако членовите ги именува министерот) или е советодавно тело според член 24 од Законот за Владата на Република Македонија. Според подносителот, оспорените одредби се спротивни на член 8 став 1 алинеја 3 и член 32 од Уставот.

Во рамките на Иницијативата за оспорување на одредбите наведени во Глава X од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, подносителот на Иницијативата истакнува несоодветност во насловот на оваа глава, кој гласи „Солидарен фонд - посмртна помош и членарина“.

Во Глава X-а од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е пропишан насловот „Совет за социјална сигурност“ под кој наслов се содржани членовите 117-а и член 117-б.

Со член 117-а е уредена целта за која е формиран Советот, имено тој се основа заради заштита и промоција на социјалните права и интереси на корисниците на пензија, како и преземање мерки за унапредување на нивната социјална положба, интеграција и животен стандард.

Советот за социјална сигурност:

(1) ги следи, проучува и оценува влијанијата на мерките од економската и социјалната политика врз социјалната положба на корисниците на пензија;
(2) ги разгледува ефектите од имплементацијата на законите и проектите за пензионерите и предлага мерки и активности за подобрување на нивниот стандард до Владата на Република Северна Македонија;
(3) дава мислења по предлози на закони од областа на социјалното осигурување и социјалната заштита;
(4) дава мислења и предлози до министерот за социјална политика, демографија и млади за прашања утврдени со овој закон.

Советот за социјална сигурност донесува деловник со кој се уредува начинот на неговата работа.

Со член 117-б е уредено дека членовите на Советот за социјална сигурност ги именува министерот за социјална политика, демографија и млади за мандат од четири години, и тоа:

-три члена на предлог од Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија;
-еден член на предлог од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
-еден член на предлог од Министерството за социјална политика, демографија и млади;
-еден член на предлог од Министерството за финансии;
-еден член на предлог од Министерството за економија и труд;
-еден член на предлог од Министерството за здравство;
-еден член на предлог од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија;
-еден член на предлог од Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
-еден член на предлог од Црвениот крст на Република Македонија;
-еден член на предлог од Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување;
-по еден член на предлог од друштвата за управување со задолжителни и/или доброволни пензиски фондови.

Советот за социјална сигурност од своите членови избира претседател и заменик-претседател за мандат од една година.

Согласно наведеното, Советот за социјална сигурност на пензионерите е основан со цел заштита и промоција на социјалните права и интереси на пензионерите, преку проактивни мерки за унапредување на нивната социјална положба, интеграција и животен стандард. Советот ги следи, проучува и оценува влијанијата на економските и социјалните политики врз пензионерите, идентификувајќи слабости и предлагајќи корекции. Тој ги анализира ефектите од законите и проектите за пензионери и доставува конкретни предлози до Владата, дава мислења по предлози на закони од областа на социјалното осигурување и заштита, како и обезбедува континуирани предлози до министерот за прашања од оваа област, утврдени со овој закон.

За ефикасна работа, Советот самостојно донесува деловник и избира раководство, што му обезбедува автономија. Неговиот состав осигурува мултиперспективен пристап, комбинирајќи институционална експертиза со теренски искуства од пензионерите.

Советот е партиципативно советодавно тело со советодавна улога кое промовира социјална инклузија на пензионерите и придонесува за реализација на уставните социјални права и во согласност со начелото на социјална држава (член 8 од Уставот на Република Северна Македонија).

Наводите во Иницијативата дека Советот е со нејасна природа е неосновно, бидејќи Советот е основан со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/14). Иако министерот именува членови (член 117-б став 1), Советот функционира независно – со сопствен деловник (член 117-а став 3) и избор на раководство (член 117-б став 3). Советот не е орган на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија или Министерството, туку мешовит советодавен орган со претставници од Сојузот на пензионери, претставници од Владата на Република Северна Македонија, министерства, фондови, Црвениот крст на Република Северна Македонија, Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување и друштва за пензиски фондови. Ова е во согласност со член 24 од Законот за Владата на Република Македонија, кој дозволува основање стручни совети за специфични политики.

Оспорените одредби со Иницијативата, се уставни и служат за подобрување на благосостојбата и овозможување на достоинствен живот на пензионерите во контекст на стареењето на популацијата, економската нестабилност и социјалните нееднаквости, односно не се во несогласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија кој ги дефинира темелните вредности на уставниот поредок (социјална држава), бидејќи Советот директно придонесува за заштита на социјалните права преку мониторинг на политиките, предлагање мерки до Владата на Република Северна Македонија и мислења за закони. Неговото основање е уставно соодветна мерка за унапредување на социјалната положба на пензионерите.

Во контекст на оспорените одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се смета дека тезата за нивна спротивност со член 32 од Уставот на Република Северна Македонија не е основана. Овие членови, сместени во Глава X-а, не го ограничуваат правото на социјално осигурување, туку напротив, го зајакнуваат преку институционални механизми за заштита на интересите на пензионерите.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорените одредби од членовите 117-а и 117-б од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14. 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15. 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19, 31 /20, 267/20,

67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25 и 269/25), се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 117-а и 117-б од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

## Точка 70

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Дарко Тодоровски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.196/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 222 став 1 во делот „...во јавната здравствена установа каде што се вработени или во друга јавна“ и ставовите 9, 10, 12 и 13 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 30/24, 74/24 и 170/24) и притоа го утврди следното мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 222 став 1 во делот „...во јавната здравствена установа каде што се вработени или во друга јавна...“, и на ставовите 9, 10, 12 и 13, во целост, сите од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), кој гласи:

„(1) Здравствените работници - специјалисти вработени во јавна здравствена установа кои вршат специјалистичко-консултативна и болничка здравствена дејност, со над две години работно искуство во специјалноста, можат да укажуваат здравствени услуги како дополнителна дејност по редовното работно време и согласно со нивната лиценца за работа во јавната здравствена установа каде што се вработени или во друга јавна или приватна здравствена установа која е регистрирана за истата дејност, при што здравствената услуга ја укажуваат самостојно или во тим, предводен од здравствениот работник - специјалист, составен од здравствени работници и други вработени во здравствената установа во која се врши дополнителната дејност (здравствени соработници и/или помошно-технички лица) кои учествуваат во дополнителната дејност (во натамошниот текст: тим за дополнителна дејност).

(2) Здравствените работници вработени во приватни здравствени установи на примарно ниво на здравствена заштита со полно работно време и со над две години работно искуство во дејноста можат да укажуваат здравствени услуги како дополнителна дејност по редовното работно време и согласно со нивната лиценца за работа во јавна здравствена установа во обезбедување на непрекината 24-часовна итна медицинска помош и во обезбедување непрекинато вршење на здравствена дејност со работа со дежурство.

(3) За укажување на здравствените услуги како дополнителна дејност здравствените работници и/или тимот за дополнителна дејност, до директорот на здравствената установа во која се вработени поднесуваат писмено барање за согласност за вршење дополнителна дејност, најмалку пет дена пред извршувањето на дополнителната дејност.

(4) Директорот на здравствената установа во рок од три дена од поднесувањето на барањето од ставот (3) на овој член е должен да даде согласност за укажување здравствени услуги како дополнителна дејност доколку подносителот на барањето ги исполнува условите од ставот (1)

на овој член и во изминатиот месец ги исполнил сите планирани обврски во здравствената установа во којашто е вработен.

(5) Меѓусебните права и обврски меѓу здравствените работници и/или тимот за дополнителна дејност и здравствените установи во кои ги укажуваат здравствените услуги како дополнителна дејност од ставовите (1) и (2) на овој член се уредуваат со договор за дополнителна дејност, во кој особено се уредува висината и начинот на исплата на надоместокот за здравствениот работник и на тимот за дополнителна дејност.

(6) По исклучок од ставовите (3), (4) и (5) на овој член, во итен случај или во случај на неопходна потреба за обезбедување на услугите од ставот (2) на овој член, здравствените работници и/или тимот што ја укажал услугата како дополнителна дејност, до директорот на здравствената установа во која се вработени поднесуваат известување за извршената услуга со потврда за итноста на случајот во кој била укажана здравствената услуга или за неопходноста за укажаната здравствена услуга, издадена од установата во која услугата е извршена, а договорот за дополнителна дејност за здравствените услуги се склучува за секој одделен случај по укажаната услуга.

(7) Договорот за дополнителна дејност од ставовите (5) и (6) на овој член здравствената установа во која се укажуваат здравствените услуги како дополнителна дејност го доставува во рок од три дена од склучувањето до Министерството за здравство, кое врши надзор над спроведувањето на договорот.

(8) Здравствениот работник - специјалист од ставот (1) на овој член кој врши здравствена услуга како дополнителна дејност во приватна здравствена установа со која склучил договор, е должен најдоцна во рок од седум дена од склучувањето на договорот да го извести директорот на јавната здравствена установа во која е вработен за склучениот договор, периодот за кој е склучен и за времето во кое ќе ја врши здравствената услуга како дополнителна дејност.

(9) Јавната здравствена установа во која се укажуваат здравствени услуги како дополнителна дејност е должна да ги внесува здравствените услуги во интегрираниот здравствен информатички систем.

(10) Ценовникот и начинот на вршењето на дополнителната дејност во јавната здравствена установа во која се укажуваат здравствени услуги како дополнителна дејност ги утврдува директорот на јавната здравствена установа, во согласност со министерот за здравство.

(11) Ценовникот и начинот на вршењето на дополнителната дејност во приватна здравствена установа во која се укажуваат здравствени услуги како дополнителна дејност ги утврдува директорот на приватната здравствена установа.

(12) Цената на здравствените услуги кои се укажуваат како дополнителна дејност во јавна здравствена установа е составена од цената што ја покрива Фондот, надоместокот кој пациентот го плаќа како осигурено лице со лични средства во вкупните здравствени услуги и надоместокот за тимот за дополнителна дејност.

(13) Цената на здравствената услуга што се укажува како дополнителна дејност во јавна здравствена установа се уплаќа на посебна (наменска) сметка за дополнителна дејност на јавната здравствената установа.

(14) Ценовниците од ставовите (10) и (11) на овој член се истакнуваат во влезниот дел на здравствената установа, на лесно видливо и пристапно место (огласна табла, шалтер, наплатни места) и се објавуваат на веб-страницата на здравствената установа.“.

2. Според подносителот на Иницијативата, оспорениот дел од член 222 став 1 во делот „...во јавната здравствена установа каде што се вработени или во друга јавна...“, е во спротивност со темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, утврдени во член 8 став 1 и член 39 (право на здравствена заштита) од Уставот, а со оглед на системската поврзаност со ставовите 9, 10, 12 и 13 од членот 222 од Законот за здравствената заштита, подносителот на Иницијативата предлага укинување и на тие ставови.

Имено, подносителот на Иницијативата смета дека ставот 1 од членот 222 од Законот за здравствената заштита кој дозволува лекарот да врши дополнителна дејност „во јавната здравствена установа каде што се вработени или во друга јавна или“, создава директен и неодржлив конфликт на интереси и го нарушува начелото на владеење на правото (член 8, став 1, алинеја 3 од Уставот).

Според подносителот на Иницијативата, со оспорената одредба се овозможува лекарот вработен во јавна здравствена установа да ги користи истите простории, истата медицинска опрема, истиот помошен персонал и целокупната инфраструктура за вршење на приватна дејност од која остварува личен профит, па така лекарот се наоѓа во двојна улога, во редовно работно време јавен службеник кој треба да обезбеди здравствена заштита за сите осигуреници, а по работното време станува приватен претприемач кој ги користи истите јавни ресурси за да им ги продаде истите услуги на истите пациенти.

Според подносителот, ова е во спротивност со начелото на владеење на правото кое подразбира јасно разграничување помеѓу јавниот и приватниот интерес.

Исто така, според подносителот, оспорената одредба создава негативен поттик кај здравствените работници и тие наместо да бидат мотивирани да го зголемат обемот и квалитетот на услугите во редовното работно време, тие се мотивирани да ги одложуваат услугите и да ги пренасочуваат пациентите кон дополнителна дејност во јавната установа, со што вештачки се создаваат долги листи на чекање и пад на квалитетот на услугите во редовните термини.

Од друга страна, подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на оспорените одредби и заради нарушување на начелата на социјална држава, еднаквост и право на здравствена заштита бидејќи претставува хибриден модел на финансирање на здравствените услуги во јавните здравствени установи, така што овозможува цената на една здравствена услуга, извршена во јавна установа, со јавни ресурси, да се формира од три компоненти: а) дел покриен од Фондот за здравствено осигурување, б) дел кој пациентот го плаќа како партиципација, и в) дополнителен надоместок за тимот кој врши услуга.

Согласно претходното, подносителот смета дека секој осигуреник преку уплата на придонеси стекнува право на здравствени услуги под еднакви услови, а оспорениот член го руши тој систем со тоа што овозможува купување на побрза или повластена услуга во рамките на јавното здравство, а јавното здравство се става во функција на приватниот профит на лекарите, што е спротивно на член 8 став 1 алинеја 8 од Уставот.

Исто така, според подносителот оспорената одредба создава две класи на осигуреници, една која може да плати здравствена услуга во дополнителна дејност надвор од листите на чекање и друга која иако плаќа придонес за здравство е принудена да чека со месеци или години за истата

услуга, бидејќи капацитетите на јавното здравство се користат за приватна пракса по редовното работно време, што е спротивно на начелото на еднаквост од член 9 од Уставот.

Уште повеќе, според подносителот на Иницијативата оспорената одредба е во спротивност со одредбата од член 10 став 1 точка 8-а од Законот за здравственото осигурување која утврдува дека здравствените услуги во дополнителната дејност не се опфатени со задолжителното осигурување, но истовремено со оспорениот член 222 став 12 од Законот за здравствената заштита за услугата која се наплаќа приватно се товари и сметката на Фондот за здравственото осигурување.

Подносителот на Иницијативата смета дека оспорената одредба е спротивна и на членот 39 од Уставот со кој се гарантира правото на здравствена заштита на секој граѓанин што подразбира достапност до здравствените услуги под еднакви услови. Оспорената одредба создава систем во кој лекарите се мотивирани да ги пролонгираат листите на чекање во редовното работно време, за да ги принудат пациентите да ја побараат истата услуга преку дополнителна дејност, со што се загрозува остварувањето на уставното право за сите оние кои не можат да платат.

3. Одредбите кое се оспоруваат се донесени со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23), како предлог од пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, а не како предлог од Министерството за здравство и Владата.

Исто така, треба да се има предвид дека подносителот на Иницијативата го оспорува само делот кој се однесува на вршењето на дополнителната дејност на здравствените работници од јавните здравствени установи во истите или други јавни здравствени установи, но не и делот кога здравствените работници од јавните здравствени установи вршат дополнителна дејност во приватни здравствени установи, иако одредбите од членот 222 од Законот во најголем дел ги уредуваат на ист начин и двете ситуации.

Со оглед на тоа што предметната материја се однесува на прашања кои се однесуваат на организација на здравствената дејност и со цел на подобар начин да биде регулирано прашањето на дополнителната дејност, Министерството за здравство е во процес на преиспитување на постоечките одредби од Законот за здравствената заштита и подготовка на изменувања и дополнувања на Законот за здравствената заштита, со кои ќе бидат опфатени одредбите со кои се регулира вршењето на дополнителната дејност во здравствените установи (членовите 222, 223 и 224 од Законот).

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека член 222 став 1 во делот „...во јавната здравствена установа каде што се вработени или во друга јавна...“, и на ставовите 9, 10, 12 и 13, во целост, сите од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не ја прифати Иницијативата поднесена од Дарко Тодоровски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.196/2025, за поведување на постапка за оценување на уставноста член 222 став 1 во делот „...во јавната здравствена установа каде што се вработени или во друга јавна...“, и на ставовите 9, 10, 12 и 13, во целост, сите од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19,

153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24).

**Точка 71**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.183/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 65 став (16) од Законот за дивечот и ловството („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.263/23, 170/24 и 132/25) и притоа го утврди следново мислење:

Во врска со предметот на Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите од член 65 став 16 од Законот за дивечот и ловството (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/23 и 170/24 и 132/2025), поднесена од страна на Игорчо Точев од Скопје се наведува дека оспорениот член е во спротивниот со членот 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е предвидено владеењето на правото, не постои нарушување на владеење на правото и истата одредба нема и не може да има никаква врска со оспорената одредба која предвидува полагање на испит пред комисија формирана од министер, како независно тело, а за која е предвиден надомест за извршената работа, при што комисиската работа за одржување на ловечки испит не е опфатена со редовни активности на министерството.

Во врска со наводите во Иницијативата истакнати за оспорување на член 65 став (16) од Законот за дивечот и ловството, подносителот навел дека: „спроведување на ловечкиот испит и издавањето на уверение за положен ловечки испит не може да се смета за дополнителна работа посебно за лицата вработени во Министерството кои се определуваат како членови на стручната комисија и дополнителното парично наградување на службените лица за извршување на работи што спаѓаат во доменот на надлежноста на органот и се негови управни функции е во спротивност со членот 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија па поради тоа подносителот предлага судот да поведе постапка за оценување на уставност на оспорената одредба како во воведот на Иницијативата по што, истата ќе ја укине како спротивна на Уставот.“.

Оспорената одредба од член 65 став 16 гласи: На претседателот и членовите на Стручната комисија за полагање на ловечкиот испит за секоја одржана испитна сесија од кандидатот им следува паричен надоместок за нивната работа, кој не може да биде повисок од 1% од просечната месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната календарска година според податоците на Државниот завод за статистика.

Подносителот во Иницијативата се обидува одредбите од Законот за дивечот и ловството кои се однесуваат на процедурата за стекнување на физички лица со статус „ловец“ да ги прикаже како управна функција на министерството, па поради тоа, одредбите од член 65 став (16) се спротивни на членот 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, од што јасно се гледа дека подносителот не ги разбрал доволно одредбите од Законот за дивечот и ловството поради следното:

- Терминот „управни функции“ кои го користи подносителот не е јасно на која/кои активности/одредби од Законот за дивеч и ловството се однесува, уште повеќе што Законот за општа управна постапка не познава термин „управни функции“, туку на многу јасен начин, во членот 4 Поимник од Законот за општа управна постапка се јасно дефинирани

поими, како „управни работи“, „управни акти“, „управно дејствие“ и никаде во истите не може да се подведат спорните одредби во Иницијативата. Актот кој се издава од страна министерството - уверение за положен ловечки испит претставува реален акт, а никако управен акт.

- Подносителот на Иницијативата се обидува целокупната процедура за стекнување на физичко лице со статус „ловец“ да ја прикаже како единствена постапка / „управна функција“, аргумент кои воопшто не соодветствува на реалната законска поставеност, односно за физичко лице да се стекне со статус на „ловец“, Законот за дивеч и ловството поимот го дефинирал во член 4 точка 26 каде: „Ловец“ е физичко лице кое е оспособено за ловење на дивеч и ги исполнува условите согласно со овој закон и други закони, понатака, Законот во член 38 дава овластување на ловечката федерација за вршење на обука на кандидати од областа на ловството, како предуслов за поднесување на барање за полагање на ловечки испит пред комисија, потоа по поднесено барање следува полагање на ловечки испит пред комисија, при што полагањето се евидентира со записник за секој кандидат посебно, согласно член 64 и 65 од Законот и како последен чекор, издавање на уверение за положен ловечки испит врз основ на доставен записник од страна на комисијата до министерството.

Имајќи го предвид горенаведеното, за стекнување на статус „ловец“, потребни се три последователни чекори, независни еден од друг и истите не се спроведуваат од органот на државната управа надлежен за работите од областа на ловството, освен издавањето на уверението за положен ловечки испит како реален акт. Истовремено, ниедно дејствие од погоре наведените не претставува управно дејствие, акт или работа, односно „управна функција“, како што наведува подносителот.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја одбие Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.183/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 65 став (16) од Законот за дивечот и ловството („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.263/23, 170/24 и 132/25).

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Петар Митков од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1457, за КО Ракотинци, на КП бр.2005/2, викано место/улица „Ливада“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Марија Лазова Ѓорчева од Кавадарци, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4070, за КО Ваташа, на КП бр.4246, викано место/улица „Р.Џондев“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3816, за КО Глуво Бразда, на КП бр.1709, викано место/улица „Чар“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 75**

Владата го разгледа Извештајот за реализирани активности на Работната група за координација на активностите од областа на сајбер безбедноста во рамки на Националниот совет за дигитална трансформација и сајбер безбедност, за период од 1 јануари 2025 година до 30 јуни 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за изготвен План за реализација на мерката за воведување на Регистар за возила, со План за реализација, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа Акцискиот план за имплементација на дадени препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, му се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 78**

Владата го разгледа Акцискиот план за постапување по препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Искористеност на современа медицинска опрема", како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на компензационите фондови од странска помош, со прилог извештаи за 2024 година, усвоени од Комисијата за менаџмент со компензационите фондови, на седницата, одржана на 30 декември 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје, за периодот октомври-декември 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата ги разгледа Ревидираната годишна инвестициска програма за 2026 година, Ревидираниот план за производство за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата го разгледа Извештајот од Општина Градско за реализација на одобрените средства за исплата на штета од атмосферски непогоди (град) по Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр.50-11337/3 од 17 декември 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата го разгледа Извештајот од Општина Градско за реализација на одобрените средства по Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.50-11338/3 од 17 ноември 2025 година, со Прилог, како материјал за информирање.

**Точка 84**

1.Владата по добиено позитивно мислење од Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија да го именува Ненад Савески за јавен обвинител на Република Северна Македонија.

2. Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Радовиш, ги именува:

- Елисавета Трајков и
- Кристина Божинова Георгиева.

3. Владата ја именува Даница Арсова за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – „Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски“ - Свети Николе.

4. Владата ја именува Ана Герасовска Јовковска за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања – Отешево.

5. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Битола, на нивно барање, ги разреши:

- Лидија Којдовска и
- Викторија Христовска.

5.1 Владата го именува Христијан Митревски за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Битола.

6. Владата ја именува Емилија Гичева за член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа - Пробиштип.

7. Владата ја разреши Мевлане Небиу Шабани, од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.

8. Владата ја разреши Симона Маџевска, од должноста член на Управниот одбор на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ – Битола.

8.1 Владата ја именува Стефанија Драгарска за член на Управниот одбор на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ – Битола.

9. Владата ја разреши Марија Богоев, од должноста член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Основното училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин“ – Битола, на нејзино барање.

9.1 Владата ја именува Теодора Спасеновска за член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Основното училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин“ – Битола.

**Точка 85**

1. Владата го разгледа Барањето за изменување на заклучок, донесен на Сто педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 февруари 2026 година по точка 87: Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права Петрушевски и др. А.бр. 1345/24 и 18 други апликации, го прифати Барањето и заклучи, во точката 2., наместо „55.30 евра“ да биде „55.380 евра“.

2. Владата по повод одржувањето на Меѓународната конференција за институционалните и клиничките аспекти и решенија по пожарот во Кочани ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди хотелско сместување за учесниците на Меѓународната конференција за институционалните и клиничките аспекти и решенија по пожарот во Кочани, ручек и вечера, како и да обезбеди техничка опрема, печатење на материјали и преведувачи за потребите поврзани со организација на горенаведената конференција.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди цветен аранжман, говорница, знамиња, авионски карти и транспорт за сите учесници на горенаведената конференција, како и да обезбеди логистичка поддршка со човечки ресурси за потребите поврзани со одржувањето на Меѓународната конференција за институционалните и клиничките аспекти и решенија по пожарот во Кочани.

3) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности согласно своите надлежности со цел безбедно одржување на Меѓународната конференција за институционалните и клиничките аспекти и решенија по пожарот во Кочани.

4) Се задолжува Министерството за здравство, да обезбеди едно возило со медицински тим во Скопје, во сабота, 14 март 2026 година, за потребите поврзани со одржувањето на Меѓународната конференција за институционалните и клиничките аспекти и решенија по пожарот во Кочани.

5) Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија – Скопје, на 14 март 2026 година, со почеток од 9:00 часот до 18:00 часот, да обезбеди пренос од Меѓународната конференција за институционалните и клиничките аспекти и решенија по пожарот во Кочани.

3. Владата по повод одбележувањето на Денот на холокаустот на Евреите во Македонија ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува Владина делегација во состав:

- проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија,
- м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и
- м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација,

да присуствува на положување цвеќе на Споменикот на 7144 депортирани Евреи во поранешниот Монопол (Империјал тобако ТКС), во Скопје, на 11 март 2026 година, во 10:00 часот.

2) Се определува Владина делегација во состав:
- м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и
- м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација,

да присуствува на положување цвеќе на Споменикот на депортираните Евреи и на Споменикот на паднатите борци во НОБ на Градските гробишта Бутел, во Скопје, на 11 март 2026 година, во 11:30 часот.

3) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз на Делегацијата на Сојузот на борците од Скопје за сите локации, материјално - технички средства неопходни за одбележување на горенаведениот настан на локациите во Скопје (црвени патеки, држачи за венци, државни знамиња на копје), како и да ги набави и достави на сите локации венците и икебаните, согласно Барањето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија (една икебана во Штип, две икебани во Битола, три венци за Делегацијата на Владата и три венци за Делегацијата на Сојузот на борците од Скопје).

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на Денот на холокаустот на Евреите во Македонија.

5) Се задолжува Министерството за одбрана - Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди доволен број на гардисти и фанфаристи и во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди опрема за положување на цвеќе (црвени патеки, држачи за венци, државни знамиња на копје) за сите локации.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности, согласно своите надлежности, за обезбедување на настанот на сите локации.

7) Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди едно возило со медицински тим во Скопје, на 11 март 2026 година, на Споменикот на 7144 депортирани Евреи во поранешниот Монопол (Империјал тобако ТКС).

4. Владата го разгледа Барањето од Министерството за животна средина и просторно планирање за изменување на заклучоците по точка 77 – Прашања и предлози, од Нацрт – записникот од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 февруари 2026 година, го прифати Барањето и заклучи:

-Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од 5 дена, да одржи состанок со работната група за изработка на нов Предлог на закон за планински патеки, со претставници од Министерството за култура и туризам, Министерството за економија и труд, Министерството за спорт, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – Сектор за шумарство, Центарот за образование, наука и истражување, Планинска академија -

Маврово и Федерацијата за планинарство на Северна Македонија и до крајот на март 2026 година до Владата да достави нов Предлог на закон за планински патеки.

5. Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка текстот на Предлогот на закон за игрите на среќа и за забавните игри, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со Писмо бр.50-6164/26 од 7 август 2025 година.

6. Владата на барање на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, го разгледа Барањето за обезбедување податоци за реализација на владините програми, развојни потпрограми и буџетите на единиците на локалната самоуправа за 2025 година, го прифати и го задолжи Министерството за финансии потребните податоци за подготовка на Годишниот извештај за спроведување на Националната развојна стратегија за 2025 година да ги достави до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од три дена, со цел овозможување навремена подготовка на извештајот.

7. Министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Тимчо Муцунски, ги информираше членовите на Владата за преземените активности за евакуација на граѓаните од Блискиот Исток, поради ескалацијата на воените судири во регионот.

8. По повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со обврските кои произлегуваат од заклучокот од Извадокот од Нацрт – записникот од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2025 година, точка 81, Прашања и предлози, по Предлогот за изменување на точка 1 – Информација за степен на резлизација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028) за октомври 2025 година, со табеларен преглед, со кој точките бр.23 и бр.24 се изменети и обединети во еден заклучок, Владата ја задолжи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, да направи анализа на истиот и доколку е потребно да достави соодветна измена, во насока надлежноста од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да премине во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, имајќи ги предвид Извадокот од Нацрт – записникот од Сто дваесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 ноември 2025 година, точка 1, заклучок бр.22 и Извадокот од Нацрт – записникот од Сто четириесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2026 година, точка 1, заклучок бр.60.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на реализација на инвестициски проект на Друштвото за производство на технички текстил Техникал Текстајлс ДООЕЛ Штип-корисник на Технолошко индустриската развојна зона Штип, согласно склучен Договор за доделување на државна помош за производство бр.09-12037/1 од 17.11.2023 година и Договор за доделување на државна помош за истражување и развој бр.09-12038/1 од 17.11.2023 година и преземање на потребни активности поради непочитување на преземени договорни обврски и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да отпочне постапка за изработка на економско вештачење и градежно вештачење, за потребите на правни постапки кои треба да се иницираат спрема Друштвото за производство на технички текстил Техникал Текстајлс ДООЕЛ Штип поради непочитување на договорните обврски.

2.Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да отпочне постапка за ангажирање на овластен проценувач со цел изработка на процена на реалната

пазарна вредност на машините опфатени во исплатените и неисплатените барања за државна помош на Друштвото за производство на технички текстил Техникал Текстајлс ДООЕЛ Штип на начин пропишан со закон, методологија и меѓународни стандарди за процена, а заради потребите на правните постапки кои треба да се иницираат спрема Друштвото за производство на технички текстил Техникал Текстајлс ДООЕЛ Штип.

3.Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да поднесе иницијатива до Државното правобранителство на Република Северна Македонија за покренување на соодветна правна постапка спрема Друштвото за производство на технички текстил Техникал Текстајлс ДООЕЛ Штип поради непочитување на преземените договорни обврски, а Државното правобранителство да преземе мерки и правни средства заради заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на постапката за исплатата на финансиска поддршка кон деловните субјекти во 2025 година, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да изготви извештај за исплата на финансиска поддршка на корисниците кои имаат нови договори за финансиска поддршка на инвестиции, заклучно со 15 декември 2025 година (согласно последните законски измени), како и за корисниците кои имаат склучени договори, а не се усогласени со измените на Законот и да го достави до Министерството за економија и труд, со цел Министерството да ја изврши исплатата на финансиската поддршка кон овие корисници.

2. Се задолжува Министерството за економија и труд во рок од 15 дена од добивањето на извештајот за исплата на финансиска поддршка на корисниците кои имаат нови договори за финансиска поддршка на инвестиции, да изврши исплата на финансиската поддршка кон овие корисници во вкупен износ од 245.295.116 денари, со оглед дека буџетските средства се предвидени во раздел 10001 – Министерство за економија и труд, програма Д – Економски развој, потпрограма Д9 – Финансиска поддршка на инвестициите.

**Точка 88**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за минимизирање на опасностите од одронување на карпи и камења во кањонот Матка, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата предлагачот во прилог на материјалот да достави предлог за решавање на опасностите од одронување на карпи и камења во кањонот Матка и соодветно пополнет Образец за проценка на фискалните импликации.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 89**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата (со известување-укажување) во врска со постапка за експропријација, која се водела пред Министерството за финансии - Управа за имотно-правни работи, УП. бр.25-289/2020, по предлог на Општина Охрид (ДП бр.03-266/1), за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во присуство на Беким Емини, државен правобранител на Република Северна Македонија.

## Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата за номинирање на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво (ИНОВА) како кандидат за субјект со директен пристап до Зелениот климатски фонд и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Даме Димитровски, специјален советник на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во улога на национален координатор во рамките на Националниот назначен орган кон Зелениот климатски фонд, да го потпише писмото за номинација, со кое Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво (ИНОВА), ќе биде национално тело кое ќе отпочне активности за акредитација за директен пристап на средства од Зелениот климатски фонд.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како Национален назначен орган кон Зелениот климатски фонд, во рок од седум дена, да го извести Зелениот климатски фонд за номинацијата на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво (ИНОВА), како национално тело кое ќе отпочне активности за акредитација за директен пристап на средства од Зелениот климатски фонд.

3. Се укажува на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво (ИНОВА) да ги спроведе потребните активности за да го отпочне процесот на акредитација за Зелениот климатски фонд со тековната поддршка во рамки на Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на Зелен климатски фонд преку проектот „Зајакнување на капацитетите и развој на стратешки рамки за градење ниско јаглеродно и општество отпорно на климатски промени во Република Северна Македонија“, имплементиран од Агенцијата на Обединетите нации за храна и земјоделство (ФАО) и да ја информира Владата за напредокот на проектот на секои шест месеци.

## Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Дваесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 12 и 13 март 2026 година во Скопје, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1.За копретседавач на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност од македонска страна се назначува Ева Илиевска, началничка на Секторот за преговори и европска интеграција при Министерството за внатрешни работи.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали од институциите, согласно областите опфатени со Поткомитетот за правда, слобода и безбедност и Извештајот за владеење на правото за 2026 година, да ги достави до службите на Европската комисија на англиски јазик.

3. Даде согласност за објавување на пишаниот придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот за владеење на правото за 2026 година на интернет-страницата на Европската комисија.

4. Се задолжува Министерството за европски прашања да ја информира Европската комисија за согласноста за објавување на пишаниот придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот за владеење на правото за 2026 година.

5. Се задолжува Министерството за европски прашања, во соработка со копретседавачот на поткомитетот Ева Илиевска, началничка на Секторот за преговори и европска интеграција при Министерството за внатрешни работи, да го утврди составот на делегацијата која ќе учествува на состанокот на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 12 и 13 март 2026 година во Скопје.

**Точка 92**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за утврдување на минималната плата во Република Северна Македонија за 2026 година.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:25 часот.